УДК 316.774:378.4(497.711)

**Кристина Н. Николовска**

# ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКОПЈЕ ГИ ОТВОРИ ВРАТИТЕ ЗА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ

Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на почетокот од јуни 2022 г. беше избран, заедно со уште три други високообразовни установи, да ја внесе медиумската писменост во наставните програми. Меѓународниот проект *Воведување на медиумската писменост за идните филолози*, кој го раководеше доц. д-р Кристина Н. Николовска, беше поддржан во рамките на петгодишната програма *Младите размислуваат* на Американската агенција за меѓународен развој (USAID), а го реализираа Меѓународниот одбор за истражување и размена (ИРЕКС), во соработка со локалните партнери – Македонскиот Институт за Медиуми, Институтот за Комуникациски Студии и Младинскиот образовен форум. Во рамките на едногодишниот проект, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ се спроведоа неколку активности.

Во рамките на проектот се подготви наставната програма по предметот *Медиумска писменост и критичко читање*, кој за првпат студентите ќе имаат можност да го следат од академската 2024/2025 година. Значајно е да се истакне дека во подготовката зедоа учество и осум студенти, кои во истражување со фокус-група демонстрираа како медиумската писменост ќе им помогне на идните студенти да бидат активни чинители во демократските процеси во земјава.




На 27 октомври 2022 година се одржа првиот јавен настан, панел-дискусијата *Медиумската*

*писменост и студентите*, во која седуммина говорници анализираа значајни аспекти врзани за медиумската писменост на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје. Настанот го отвори проф. д-р Маја Бојаџиевска, продекан за наука и меѓународна соработка, која истакна дека концепциите за лагата и вистината, за авторитетот и одговорноста се сега значајни „буквално, од егзистенцијални причини“. Кристина Н. Николовска додаде дека за сите студенти ќе биде корисно да стекнат знаења за тоа како функционираат медиумите, како се создаваат и дистрибуираат пораките и како да се разберат наративите што од сите страни доаѓаат до нас. Таа нагласи дека предметот медиумска писменост ќе биде корисен за секој студент, но особено за оние кои по завршувањето на студиите ќе го бараат професионалниот ангажман во медиумите или во наставата по мајчин јазик. На панел-дискусијата говореше и Гордана Алексова, вонреден професор на Катедрата за македонски јазик и учесник во проектот, која истакна дека преку проектот ќе се подобри подготовката на идните наставници по јазик и книжевност. Со оглед на тоа дека панелот се одвиваше во рамките на *Деновите на медиумска писменост 2022* (25 октомври – 1 ноември), кои минатата година Мрежата за медиумска писменост ги посвети на медиумската писменост и различностите, неколкумина говорници дискутираа за тоа како да се подобри пристапот до информации за ранливите групи граѓани. Кристијан Лазарев, поранешен студент на Филолошкиот факултет, кој заедно со професорот Бранислав Геразов од ФЕИТ работи на подобрување на пристапот до информации за лицата со оштетен вид, истакна дека проблемот не е во ранливите групи граѓани, туку во тоа што општеството сè уште не е подготвено да ги следи и применува препораките од Европската Унија што се однесуваат на пристапот до медиумските содржини. На оваа дискусија се надоврзаа и Бојан Шашевски, новинар од Радио МОФ, кој известува за предизвиците на лицата со посебни потреби и Викторија Волак, преведувачка на знаковен јазик. Саранда Мехмеди, студентка на Филолошкиот факултет, поетеса и препејувачка, осврнувајќи се на лажните вести кои минатите години се објавуваа за бегалците, истакна дека, кога пораките се конструирани креативно (низ стрипот како уметничка форма), тие можат суштински да допрат до публиката, особено до младите, и на тој начин да се придонесе кон менувањето на перцепциите и стереотипите за ранливите групи. На панелот зборуваше и Блејк Смит, професор од Универзитетот во Чикаго, кој се осврна на проблемот со лажни вести во САД низ историјата.



На 27 и 28 февруари 2023 година Ирина Талевска, вонреден професор од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржа дводневна работилница под наслов *Пропагандата во Третиот рајх*, на која учествуваа шеснаесет студенти од факултетот. Во првиот дел од работилницата (27 февруари) студентите имаа можност да добијат основни информации за тоа што е пропаганда, кои се нејзините механизми на функционирање и какви облици таа зазема, а беше направен и осврт кон пропагандата во Третиот Рајх и медиумите низ кои таа се изразувала. Во вториот дел од работилицата (28 февруари), беа проектирани исечоци од пропагандните (псевдо)документарни филмови изготвени во Третиот Рајх, кои беа проследени со анализа на стратегиите на пропагандата: нарацијата, како и фокусот на определени кадри. Дополнително, беше проектиран и документарен филм што се однесува на пропагандата на денешен Израел во однос на холокаустот и „еврејството“. Оваа работилница имаше за цел да им овозможи на студентите да се запознаат со механизмите на пропагандата и нејзиното управување со (дез)информациите низ примерот на Третиот Рајх, кој постави историски преседан во развојот на пропагандата на дваесеттиот век.



Во рамки на проектот, на 2 март 2023 г., Кристина Н. Николовска одржа отворено предавање со наслов *По трагите на „лажните вести“: првите кирилични печатени книги на Балканот како простор за антиосманлиско позиционирање,* во Амфитеатар 1 на Филолошкиот факултет. Предавањето се фокусираше на појавата на првите печатени книги на кирилица на Балканот, од крајот на петнаесеттиот век, и анализираше како новата европска технологија го олеснила испраќањето политички пропагандни пораки на владејачките и црковните елити во раномодерниот период.

Во текот на проектот се подготвија и два зборника. Под менторство на проф. д-р Калина Малеска, избрани студенти од Катедрата за англиски јазик и книжевност преведоа значајни есеи и поглавја кои се однесуваат на медиумската писменост. Така, некои од познатите автори што пишуваат

на оваа тема, како Стјуарт Хол и Рене Хобс, за првпат ќе бидат објавени на македонски јазик. Вториот зборник, пак, содржи статии во кои се истражуваат значајни аспекти на медиумската писменост и пресеците кои оваа област ги има со други подрачја, како литературата, филмот, студиите за холокаусот и јавната дипломатија. Двата зборника ќе бидат објавени и промовирани на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во првата половина од 2024 година.